НУ. ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА "АНТОН ПАНОВ", СТРУМИЦА

# Горан Ѓорев

с к у л п т у р и

Горан Ѓорев
Роден 02.06.1976 год. во Кавадарци
Во 1995 год завршил училиште за применета уметност - вајарски оддел во класата на Анте Нацевски во Скопје.
2003 дипломира на факултетот за Ликовна Уметност во Скопје, отсек вајарство, во класата на на професорот Бранко Конески, а конзервација и реставрација кај Благоја Кузмановски.
За време на студиите 2000 год. учествува на интернационалното студентско Арт Биенеле (СИАБ) во Скопје.

2003- Скопје, изложба на дипломирани студенти, изложбен салон Дом на АРМ.
2004- Неготино, изложба во музејот
Учесник на ликовна колонија во кочани во 2003 год.
Добитник на втора награда за склуптура на слободата во Битола во 2003 год.



Првата самостојна изложба на младиот скулптор Горан Ѓорев е израз на идеите и вредностите на уметникот - изразени во просторот, начин на кој уметникот комуницира со природата и со светот што го опкружува.

Ако почне да се следи неговиот развоен пат може да се констатира дека тој е разновиден и експериментален истражувајЌи најнапред во глина, а потоа во мермер и камен преку кои настојува автентично да ги изрази своите замисли.

Ако се следат развојните етапи на творечкиот пат на овој млад уметник вљубеник во мермерот, може да се заклучи како тој постепено се ослободува од имитирањето и потполно се препушта на слободното обликување на формата, со што и дава една нова димензија да живее и комуницира како една нова појава, давајќи и хармонија и единство.

Од сите овде прикажани дела, сите можете да го забележите неговиот афинитет кон заоблената органска форма.

Фигурите на некој начин претстевуваат затворени облици добиени со едно движење кои го затвораат и отвораат кругот на една заедничка поврзаност. Од сето тоа во неговиот творечки опус може да се почувствува една внатрешна напнатост, експресивност затворена во самата форма.

Од тука неговите дела без оглед на нивните димензии претставуваат синтеза на постоечки форми со една сензибилна прочистеност надополнувајќи се една со друга со што се добива една вистинска целина.

Весела Честоева
дипл. историчар на уметноста





Издавач: Н.У.Центар за култура "Антон Панов", Струмица
пошт. фах 18, 2400 Струмица, Р.Македонија
тел.:+389(0)34 348 711; 322 182
факс:+389(0)34 326 379
За издавачот: Димитрије Анастасов, директор
Уредник: Марјан Пецев - Захов
Вовед: Весела Честоева
Ликовно обликување: Графосервис
Отворање: 13. 05. 2005
Печати:"Графосервис"-Струмица
Тираж: 500 примероци



